## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**1634.**

Врз основа на член 23 став (6) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 47/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА САМОСТОЕН ПОСТАПУВАЧ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за регистрација на самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори.

Член 2

Потврдата за регистрација на самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори се издава на образец во А4 - формат на бела хартија.

Формата и содржината на потврдата од став 1 на овој член е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 07- 2942/3
8 април 2011 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.

Врз основа на член 23 став (3) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10 и 47/11),Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина на Република Македонија издава

**Потврда за регистрација на самостоен постапувач со отпадни батерии и акумулатори**

Производителот ________________ (назив, ако се работи за физичко лице трговец поединец име и презиме, седиште и адреса, дејност, број на деловниот субјект) е регистриран како производител кој самостојно обезбедува постапување со отпадни батерии и акумулатори со дозвола за постапување со отпадни батерии и акумулатори ______ (број и датум на издавање на дозволата) за видот на отпадни батерии и акумулатори согласно дозволата.

___________________________ ___________________________

Место и дата на издавање потпис на одговорно лице

печат

**1635.**

Врз основа на член 40 став (3) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10 и 47/11), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори.

Член 2

Потврдата за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори се издава на образец во А4 - формат на бела хартија.

Формата и содржината на потврдата од став 1 на овој член е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2941/4
8 април 2011 година
Скопје

Министер,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.

Прилог

Врз основа на член 40 став (2) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ("Службен весник на Република Македонија" број 140/10 и 47/11), Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина на Република Македонија издава

**Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори**

Производителот, производител, поседувачот и трговецот кој како краен корисник увезува батерии и акумулатори________________ (назив, ако се работи за физичко лице трговец поединец име и презиме, седиште и адреса, дејност, број на деловниот субјект) се ослободува од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумултори согласно член 40 а во врска со член 20, член 22 став (8) и член 23 став (3) од од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

________________________ ________________________

Место и дата на издавање потпис на одговорно лице

печат